[redacted]


Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

**Јавна Установа Детски Дом “11-ти Октомври” - Скопје**

**Ј.У.Д.Д "11-ти Октомври"-Скопје**

Бр. 03-1455

09.11.2017г

ул.Васил Ѓоргов бр.25

Република Македонија

Тел. 3117-698; fax 3224-181


**ДО:**
**Министерство за култура на Р. Македонија**
**Сектор за дејности од областа на културата и уметноста**
**Одделение за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност**

Почитувани,

Со **Булфрогс Продукција** и **Булфоргс балетското училиште** соработуваме од 2011 година кога за прв пат оваа продукција самоиницијативно изрази желба за соработка со **ЈУ Детски дом “11 Октомври”**. Нивната соработка се заснова на едукација на деца од нашата јавна установа во областа на балетската уметност по програма предвидена од училиштето. Децата штитеници на домот кои се вклучени во оваа програма посетуваат редовна настава и се вклучени во балетските продукции на Булфрогс.

Од самиот почеток на соработката имав можност да ја следам работа на Булфрогс со нашите деца, најпрво од позиција на воспитувач, а сега и како директор на установата. Задоволство ми е да кажам дека Булфрогс ја извршува својата работа одговорно и професионално согласно договорот за соработка со нашата установа. Како соработници, се надеваме дека можеби во иднина ќе успееме да насочиме дел од децата штитеници на домот професионално да се определат за дејствување во балетската култура и уметност. Сметам дека вработените во **Булфрогс Продукција** имаат одличен педагошки пристап и умеат да ги мотивираат децата да ја сакаат оваа уметност, особено со програми за остварување на соработка од ваков вид, кои силно ја нагласуваат и општествената одговорност на Булфрогс Продукција.

Во репризата на балетот **“Сон на летната ноќ”** учество би имало едно од нашите штитеници кое активно секој ден во седмицата посетува настава по балетска уметност. Што се однесува до балетската поставка “Сон на летната ноќ”, сметаме дека е професионален проект кој треба и во иднина да се реализира.

Со оваа препорака верувам дека ќе придонесам за поддршка на оваа компанија и во иднина да твори сериозни балетски поставки и да придонесува за развивање на културната сцена во Р. Македонија.

Со почит,

Соња
Стамевска
в.д.Директор